РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено | 26.03.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/79 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по ориентација и мобилност за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОРИЕНТАЦИЈА И МОБИЛНОСТ

VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

# 1. ВОВЕД

Како резултат на оштетувањето на видот  или недостаток на визуелниот анализатор лицата со оштетен вид наидуваат на проблеми при ориентирање во просторот и мобилноста во средината.

Под ориентација се подразбира способност за снаоѓање во средината, т.е. просторот кој нé окружува. Освен што е важно лицата со оштетен вид да се научат правилно да се ориентираат во просторот, во однос на сите објекти и предмети што ги окружуваат, исто така важно е тие да се ориентираат и во однос на другите луѓе кои се присутни во нивната непосредна близина.

Дали едно лице со оштен вид успешно ќе ја совлада средината или просторот, т.е. успешно ќе се ориентира зависи од правилното создавање на претстави, односно шеми во неговата меморија. Како резултат на оштетувањето на видот, слепите и слабовидните лица, за да ја осознаат средината и да научат да се ориентираат во просторот ги користат компензаторните осети како што се аудитивниот, тактилниот, олфакторниот и други.

Според видот на просторот во кој се врши ориентацијата, таа може да се подели на:

- ориентирање во просторот заради запознавања со предметите;
- ориентирање во работниот простор;
- ориентирање во голем простор.

Според учеството на анализаторите во ориентацијата, таа може да се подели на:

- ориентирање со помош на остатоци на вид;
- ориентирање со помош на слух;
- ориентирање со помош на тактилно сетило;
- ориентирање со помош на мирис;
- ориентирање со помош на други сетила.

За учениците со оштетен вид секоја нова средина претставува пречка во ориентирањето и снаоѓањето и токму затоа овој предмет е од витално значење за овие ученици.

## *2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ*

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи правилно да ги користи остатоцита на видот во процесот на оспособување за ориентирање и движење во просторот
- да ги развива компензаторските способности во функција на самостојност во ориентирањето и движењето во просторот
- да се оспособува за тактилна, аудитивна, визуелна, олфакторна, кинестетичка и проприоцептивна перцепција на предметите во микро и макропросторот;
- да развива правилни, јасни и адекватни претстави за предметите и појавите во просторот што го окружува;
- да го развива просторното мислење, вниманието, помнењето во функција на оспособување за самостојно и сигурно движење
- да развива навики за свесно и активно совладување на вежбите за самостојно движење;
- да развива упорност, истрајност и интерес за самостојно движење;
- да ги усвои техниките на бел стап до степен на автоматизираност;
- да развива навики за користење на тифло-техничките средства и помагала за ориентација и движење во просторот;
- да се запознае со макропросторот во околината на училиштето;
- да научи да се ориентира и да движи во населено место;
- да се поттикнува за правилниот физички развој;
- да развива техника за самостојно и безбедно движење;
- да се мотивира за самостојно движење во макропросторот;
- да се поттикнува и да се мотивира за успешна интеграција во социјалната средина.

*3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ*

| ТЕМА 1: ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИТЕ ВО БЛИСКАТА ОКОЛИНА И ОДНОСОТ МЕЃУ НИВ (СО УЧЕСТВО НА СИТЕ СЕТИЛА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да се оспособи да перципира различни предмети и ориентири во функција на ефикасно движење;<br>• да се оспособи самостојно да одредува визуелни ориентири во одреден простор;<br>• да се оспособи самостојно да користи визуелни помагала при ориентација и движење во макропростор;<br>• да се мотивира за самостојно користење визуелни помагала при движење и ориентација во макропросторот;<br>• да се оспособи за тактилна перцепција, дискриминација и диференцијација при ориентација и движење во макрпростор; | Визуелно перципирање и препознавање на предмети и ориентири при ориентирање и движење во просторот<br>Користење визуелни помагала при самостојно ориентирање и движење во макропросторот<br>Развивање на способностите за тактилна перцепција, дискриминација и диференцијација во функција на ориентирање во просторот<br>Развивање на слушните способности за ориентирање во просторот - интерпретирање - ехолокација | Ориентир<br>Визуелна перцепција<br>Дурбин<br>Двоглед<br>Контрастни фолии<br>Оптички лупи<br>Модели<br>Шаблони | • Вежби за следење на веќе дадени визуелни ориентири при движење во даден простор.<br>• Вежби за самостојно одредување на визуелни ориентири во даден простор.<br>• Вежби за откривање и препознавање на семафор и светлосен сигнал, пешачки премин, автомобили, контејнери и сл.<br>• Вежби за користење визуелни помагала при самостојно движење.<br>• Вежби за тактилна идентификација, диференцијација и дискриминација на различни видови подлоги и тактилни ориентири.<br>• Вежби за диференцијација и дискриминација на олфакторните дразби во различни услови и ситуации.<br>• Вежби за самостојно одредување на олфакторни сензации како ориентир во различен простор.<br>• Вежби за стимулирање и развивање на аудитивното внимание и помнење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се поттикнува да ја развива способноста за ориентација со помош на сетилото за слух;<br>▸ да се стимулира да го развива аудитивното внимание и помнење;<br>▸ да се оспособи правилно да ги интерпретира аудитивните информацииво просторот во кој се движи;<br>▸ да се оспособи да ја користи ехолокацијата при ориентација и движење во макропоростор;<br>▸ да се оспособи за олфакторна дискриминација, диференцијација при движење во различни услови. | Развивање на способноста за олфакторна перцепција, дискриминација и диференцијација во функција на ориентирање во просторот според одредени мириси | Интерпретација на аудитивните информации<br><br>Ехолокација<br><br>Олфакторна дискриминација<br><br>Олфакторна диференцијација | ▸ Вежби за интерпретирање на аудитивните информации во просторот во кој се движи.<br>▸ Вежби за ехолокација. |

**ТЕМА 2: ТЕХНИКИ НА БЕЛ СТАП**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособи правилно да ја користи дијагоналната техника во различни услови и ситуации;<br>▸ да се оспособи да следи ориентирна линија со користење на дијагоналната техника до степен на автоматизираност;<br>▸ да се оспособи ученикот за одмерено, координирано движење на белиот стап, горните и долните екстремитети при користење на техниката на допир до степен на автоматизираност;<br>▸ да се оспособи правилно да ја користи техниката на допир во различни услови и ситуации;<br>▸ да се оспособи да заземе правилен став на раката, дланката, прстите и телото при качување по скали од различен вид со користење на изучените техники на белиот стап до степен на автоматизираност;<br>▸ да се оспособи да заземе правилен став на раката, дланката, прстите и телото при симнување по скали од различен вид со користење на | Дијагонална техника<br>Следење на ориентирна линија со користење на дијагоналната техника<br>Техника на допир<br>Следење на ориентирна линија со користење на техниката на допир<br>Качување и симнување по скали со користење на техниките на белиот стап<br>Идентификација на ивичник при преминување на улица или крстосница со користење на бел стап<br>Преминување на улица со користење на бел стап | Бел стап<br><br>Дијагонална техника<br><br>Ориентирна линија<br><br>Техника на допир<br><br>Подготовка на белиот стап<br><br>Носење на белиот стап | ▸ Вежби за користење на дијагоналната техника во услови на затворен простор (училишна зграда).<br>▸ Вежби за користење на дијагоналната техника во училиштен двор.<br>▸ Вежби за користење на дијагоналната техника во населено место.<br>▸ Вежби за промена на раката која го води белиот стап при користење на дијагоналната техника.<br>▸ Вежби за следење на ориентирна линија со користење на дијагоналната техника.<br>▸ Вежби за за користење на техниката на допир во различни услови.<br>▸ Вежби за следење на ориентирна линија со користење на техниката на допир.<br>▸ Вежби за лоцирање различни видови скали при латерален и фронтален пристап со користење на изучените техники на белиот стап.<br>▸ Вежби за качување и симнување по скали со користење на изучените техники.<br>▸ Вежби за безбедно користење на белиот стап. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изучените техники на белиот стап до степен на автоматизираност;<br>▸ да се оспособи да зазема правилен став и држење на телото, раката, дланката и прстите при отворање и затворање разни видови врати;<br>▸ да стекне навики за безбедно користење на белиот стап;<br>▸ да се оспособи правилно да го подготвува белиот стап за користење, носење и кога не се користи и за негово чување и одржување;<br>▸ да се оспособи за правилна идентификација на ивичник при премин на улица или крстосница со користење на бел стап;<br>▸ да се оспособи за правилно позиционирање во однос на ивичникот при премин на раскрсница;<br>▸ да се оспособи за правилен став и држење на телото, раката, дланката и прстите при премин на улица;<br>▸ да се оспособи за правилно одредување правец на премин;<br>▸ да се оспособи за правилен став и држење на телото, раката, дланката и прстите при премин на раскрсница(т, х, у, +). | Преминување на крстосница со користење на бел стап | | ▸ Вежби за идентификација на ивичник при премин на улица или крстосница со користење бел стап.<br>▸ Вежби за правилно позиционирање при премин на улица или крстосница.<br>▸ Вежби за преминување улица со користење на бел стап.<br>▸ Вежби за преминување крстосница со користење бел стап.<br>▸ Вежби за позиционирање во однос на ивичник при премин на улица и крстосница.<br>▸ Вежби за правилно одредување правец на премин на улица и различни видови крстосници. |

| ТЕМА 3: ОРИЕНТАЦИЈА И ДВИЖЕЊЕ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособи правилно да одредува и следи насока на движење при движење по тротоар;<br>▸ да се оспособи правилно да одредува и следи насока на движење при движење по улица без тротоар;<br>▸ да се оспособи да лоцира пешачки премин;<br>▸ да се оспособи да преминува еднонасочни улици;<br>▸ да се оспособи да преминува двонасочни улици;<br>▸ да се оспоосби самостојно да преминува помалку прометни улици во околината на училиштето;<br>▸ да се оспособи да следи движењето на сообраќајните средства и пешаци во дадени ситуации; | Движење по улица со тротоар<br><br>Движење по улица без тротоар<br><br>Премин на еднонасочни улици<br><br>Премин на двонасочни улици<br><br>Премин на крстосници со светлосна сигнализација<br><br>Премин на крстосници без светлосна сигнализација<br><br>Премин на крстосница со звучна сигнализација | Улица<br><br>Тротоар<br><br>Еднонасочна улица<br><br>Двонасочна улица<br><br>Крстосница со светлосна сигнализација<br><br>Крстосница без светлосна сигнализација<br><br>Крстосница со звучна сигнализација | ▸ Вежби за следење насока при движење по тротоар.<br>▸ Вежби за идентификација и премин на еднонасочни улици.<br>▸ Вежби за идентификација и премин на двонасочни улици<br>▸ Вежби за лоцирање и премин на пешачки премин.<br>▸ Вежби за аудитивно и визуелно следење на движење на сообраќајни средства.<br>▸ Вежби за идентификување и премин на различни видови на крстосници (Т-раскрсница, Y-раскрсница и сл.).<br>▸ Вежби за одредување на циклус на сообраќај на крстосница со и без светлосна сигнализација.<br>▸ Вежби за преминување на крстосница со светлосна сигнализација.<br>▸ Вежби за преминување крстосници без светлосна сигнализација.<br>▸ Вежби за премин на крстосници со звучна сигнализација.<br>▸ Вежби за правилно и безбедно движење како учесник во сообраќајот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се оспособи да одредува циклус на сообраќај на раскрсница со светлосна сигнализација;<br>▸ да се оспособи безбедно и ефикасно да преминува крстосница со светлосна сигнализација;<br>▸ да се оспособи безбедно и ефикасно да преминува крстосници без светлосна сигнализација;<br>▸ да се оспособи правилно и безбедно да се движи и да учествува во сообраќај;<br>▸ да се оспособи правилно да прифати и одбие понудена помош од друго лице. | | | ▸ Вежби за прифаќање и одбивање на понудена помош. |

| ТЕМА 4: ДВИЖЕЊЕ И ОРИЕНТАЦИЈА ВО СЛОБОДЕН ПРОСТОР | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да се запознае со едноставни мобилни карти и релјефни планови;<br>▸ да се оспособи да користи едноставни карти и релјефни планови;<br>▸ да се запознае со поимот и значењето на постојани ориентири;<br>▸ да се запознае со поимот и значењето на привремени ориентири;<br>▸ да се оспособи да препознава и користи постојани ориентири при движење;<br>▸ да се оспособи да препознава и користи времени ориентири при движење. | Запознавање со видови мобилни карти и рељефни планови<br><br>Употреба на едноставни карти и релјефни планови<br><br>Користење на постојани ориентири при самостојно движење<br><br>Користење на привремени ориентири при самостојно движење | Мобилни карти<br><br>Релјефни планови<br><br>Постојани ориентири<br><br>Времени ориентири | ▸ Запознавање со видови на мобилни карти и релјефни планови.<br>▸ Вежби за употреба на едноставни карти и релјефни планови.<br>▸ Вежби за идентификување и разликување на постојани ориенитири.<br>▸ Вежби за движење со користење на постојани ориентири.<br>▸ Вежби за идентификување и разликување привремени ориентири.<br>▸ Вежби за движење со користење на привремени ориентири. |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставните програми

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **ориентација и мобилност** има извонредно значајно место во образованието на учениците со оштетен вид. Една од главните цели на програмата е кај учениците да развива способност за снаоѓање во микро и макропросторот. Преку реализацијата на активностите и содржините на програмата се поттикнува развојот на моторичките вештини, а, во исто време се развиваат сензорните и психомоторните способности. Реализацијата на содржините и активностите на предметот овозможуваат развој на компензаторните и адаптивните способности. Учениците перманентно се мотивираат да се движат самостојно и, секако, да го надминат и/или да го минимизираат стравот од движење како еден од предусловите за успешно вклучување и адаптирање во социјалната средина.

Наставата се реализира преку посебни содржини, вежби, игри и активности кои го активираат локомоторниот апарат и директно влијаат врз правилниот развој на ученикот/ученичката, ја подобруват неговата способност за сензорна диференцијација и осетливоста на сетилата; го подобрува користењето на преостанатата видна способност при перципирањето на предметите и појавите што го окружуваат, како и при ориентацијата во просторот (паралелно со користење на останатите сетила). Планираните активности од оваа програма ги поттикнуваат и развиваат когнитивниот, психомоторниот, емоционалниот и социјалниот развој на ученикот/ученичката.

Активностите од оваа програма треба да бидат насочени и кон отстранување и/или минимизирање на стереотипните движења (маниризми, блиндизми, ротацизми) кои се јавуваат како последица од ограниченото моторно искуство и негативното воспитно влијание.

Стекнување на искуството за ориентација и движење во просторот е неопходно во секојдневниот живот на слепите и слабовидните ученици.

При реализација на програмата за ориентација и мобилност се поаѓа од развојните можности, способности и интереси на учениците со оштетен вид. Планирањето и реализацијата на содржините по предметот ориентација и мобилност треба да се во потполна согласност со индивидуализираниот пристап (уважување на индивидуалните карактерни особинн, претходното искуство и однесувањето на ученикот/ученичката со оштетен вид).

Треба да се напомене дека е потребно перманентно повторување на вежбите за правилно држење на телото и латерализација на просторот, како и на вежбите за доживување на телесната целосност и гестуалниот простор.

Навиките за ориентација и движење во просторот се зацврстуваат секојдневно. За да можат учениците со оштетен вид полесно да се ориентираат во просторијата, во неа треба да се наоѓаат само неопходни предмети и да не се менува нивноиот распоред. Ученикот/ученичката треба да го знае своето место во училишната клупа или на масата, местото во трпезаријата, својот кревет во спалната соба и др. Предметите и мебелот во училницата, во спалната соба, и во другите простории треба да бидат удобни, едноставни, без остри агли и испакнувања, а, плакарчињата и шкафчињата треба да бидат обележени со одреден релјефен знак кој може да се распознае со тактилен допир. Слабовидните ученици ја користат бојата на мебелот за ориентација во просторот, затоа предметите можат да бидат обоени во две - три бои. Секој предмет треба да има ориентир, односно знак по кој лесно ќе се препознае. Исто така, добро е да се постават и дополнителни знаци на мебелот, плакарчињата и другите предмети кои ќе им помогнат на учениците со оштетен вид брзо да се запознаат со просторијата и активно да дејствуваат без страв од непријатни изненадувања и евентуални повреди.

Наставникот посебно внимание треба да обрне на учениците со неразвиени и ограничени движења, како и на оние со стереотипни моторни движења (маниризми, блиндизми, ротацизми и др.).

Кај учениците со оштетен вид на оваа возраст многу важно е да се предизвика интерес за движење и истражување на просторот бидејќи нивните навики за движење се непостојани. За да се зацврстат потребно е постојано да се поттикнува интересот за вежбите кои се работат.

Учениците треба постојано да се поттикнуваат на афирмативен начин, при што се вреднуваат поединечните постигања на секој ученик како негов личен успех. Секој ученик се поттикнува да постигне најмногу што може, а не да се следи однапред утврден стандард. Целта на наставата по ориентација и мобилност е да се обезбеди атмосфера на релаксација.

Наставните содржини треба да се реализираат и во соработка со родителите. Тие треба да бидат информирани за темите и содржините, да бидат известени дека треба да се придржуваат до советите за постојаното место на предметите во просториите, да ги применуваат правилата и во домашни услови и да ги поттикнуваат сопствените деца да ги применуваат постапките за самостојно и безбедно движење. За успешна реализација на наставата по ориентација и мобилност потребно е да се користат дидактички играчки, релјефни карти, цртежи, шеми, пластифицирани фолии, модели, макети и др. Овој предмет е во корелација со наставата по македонски јазик – почетно читање и пишување, наставата по природни наули и техника, музичко образование, ликовно образование и физичко и здравствено образование.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според поставените цели на наставната програма по ориентација и мобилност наставникот спроведува описно оценување (дијагностичко, формативно, микросумативно и сумативно).
За постигањата на учениците се води дневник за сите наведени компоненти од кои се извлекува оценката на ученикот. Оценката е бројчана, во неа се воведуваат елементите кои се поставени со целта на наставната програма по физичко и здравствено образование.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

За реализација на наставната програма по ориентација и мобилност во просторот потребна е училница, спортска сала, други простории во училиштето и отворени терени во непосредната околина. Нивниот број и големина се регулирани со Нормативот за наставен простор и наставни средства и помагала донесен од министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ориентација и мобилност за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ----------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3965/1
19 08 2013 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2